# ИНТЕРАКТИВНИ АЛАТКИ ВО НАСТАВАТА ПО МАТЕМАТИКА

*Даниела Стојановска* [1]
[1] *ООУ „Христијан Карпош“, Куманово*
e-mail: dani_hrst@yahoo.com

Интерактивениот модел на учење е ефикасен систем (процес, интеракција и содржина) за мотивирање на учениците: повеќе да размислуваат, а помалку да меморираат.

Целта на оваа тема е да посочи примери за употреба на едукативни, интерактивни алатки, кои на наставникот му помагаат:

1. да примени различни стилови на учење,
2. да ги почитува индивидуалните разлики на учениците,
3. да овозможи активна конструкција на знаења,
4. да воспостави заедница на кооперативно учење.

Посебно место во темата има примената на општоприфатените алатки, кодирани брзи одговори (QR code), во совладување на наставните содржини.